# АКУМУЛАЦИЈА КОЗЈАК

Акумулацијата “Козјак“ е најголемо вештачко езеро по површина, длабочина и по должина во Република Македонија, а пред се по вкупното количество вода во него. Езеро Козјак се наоѓа на реката Треска во нејзината Голема Клисура 15 км спротиводно од браната Матка. Браната е земјено-насипна и е висока 126.1 м. Круната се наоѓа на кота од 471,1 м надморска височина, долга е 305 м а широка 10 м. Езерото е долго 33 км, зафаќа површина од 13,5 км2 и акумулира 570 милиони м3 вода.



Има должина од 33 км и максимална длабочина до 135 м. Максималното растојание од едниот до другиот брег изнасува 400 метри . Вкупниот бруто волумен на акумулацијата изнесува 570 милиони м3 вода, а има корисен волумен од 260 милиони м3.



Браната со која е пресечено течението на реката Треска, е почната со изградба во 1994 год. а завршена и пуштена во употреба во 2004 год. Се наоѓа на околу 25 км. низводно од вливот на реката Треска во реката Вардар. Водата од акумулацијата се користи првенствено за хидроенергетски цели, но претставува и регулирана вода за низводните

хидроцентрали како и вода за наводнување на Скопско Поле.  Во акумулацијата Козјак ихтиофауната е составена од поголем број на видови кои припаѓаат на поголем број на фамилии.

| | | |
|---|---|---|
| Поточна пастрмка | Крап | Скобуст |
| Salmo macedonicus | Ciprinus carpio | Chondrostoma nasus |





| | | |
|---|---|---|
| Клен | Виножитна пастрмка | Мрена |
| Leuciscus cephalus | Oncorhynchus mykiss | Barbus barbus |





Во акумулацијата Козјак се среќаваат 9 (девет) видови на риби. Не е исклучено да во акумулацијата се среќаваат и други видови на риби кои се спорадично или инцидентно уловени. Според согледувањето на теренот акумулацијата Козјак овозможува поголем број на искористување на незиниот ихтиолошки потенцијал.

| | | |
|---|---|---|
| Попадика | Боцкалка | Вардарка |
| Vimba vimba melanops | Cobitis taenia vardarensis | Alburnoides bipunctatus |





**Рекреативен риболов** На акумулацијата Козјак е можен рекреативен риболов преку целата година на цела површина на акумулацијата. Акумулацијата Козјак преставува атрактивна зона за сите рекреативни риболовци.





**Спортски риболов (натпревари)** На акумулацијата Козјак е можно организирање на спортски риболов преку целата година.





**Утврдување на големина на риби по видови под која не смеат да се ловат** Заради одржување на природната популација на рибите во акумулацијата Козјак, како и овозможување на природен мрест од единки кои што природно созреале и се во репродуктивна фаза (полова фаза) се запазуваат одредени норми. Имено за сите риби во сите водни екосистеми постојат минимални големини под кои што рибите не смеат да се ловат за да можат да се измрестат барем два пати пред да бидат уловени.

| **Големина на риби по видови** | | |
|---|---|---|
| Вид на риба | Латинско име | Големина |
| Поточна пастрмка | *Salmo macedonicus (Kar.)* | 25cm |
| Крап | *Cyprinus carpio (L.)* | 35cm |
| Клен | *Leuciscus cephalus* | 25cm |
| Скобуст | *Chondrostoma nasus (L.)* | 25cm |

**Утврдување на периодот на природен мрест по видови** Природниот мрест на рибните популации е променлив секоја година и зависи пред се од температурата на водата во акумулацијата. Но сепак постојат сознанија за евентуалниот почеток на

мрестот и неговото времетраење за сите видови на риби. Забрането е ловење на: речна пастрмка од 01. Октомври до 15 Февруар крап од 01. Април до 30. Јуни клен од 01. Мај до 31. Мај скобуст од 01. Април до 31. Мај мрена од 01. Мај до 30. Јуни попадика од 01. Мај до 30. Јуни 8.6.








